# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ВО ДРУШТВОТО ЗА ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКА САЛА БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2022 година

Друштво за изградба,управување и издавање
на повеќенаменска сала
БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ
Бр. 01 - 579/1
14.07 2022 год.
СКОПЈЕ

## 1. Вовед

Целта на овој годишен план е проценка на ризиците од појава на корупција и воспоставување на алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области.
Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое корутивно дејство претставува кршење на интегритетот. Интегритетот пак, од друга страна претставува квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес. Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје, почитувајќи ги начелата на законитост, ефикасност, ефективност, сервисна ориентација, а ставајќи акцент на јакнење на интегритетот на вработените, нивната стручност и компетентност важи за Друштво кај кое приоритет е јавниот интерес. Истиот претставува мотив за создавање на механизми за справување со корупција.
Годишниот план е дизајниран да дејствува превентивно што подразбира намалување на ризиците преку зајакнување на регулативата, јакнење на функционалноста и реални процеси и цели кои резултираат со континуирано намалување на корупцијата.
Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје како транспарентно Друштво на својата веб страна ги презентира сите тековни активности и постапки, со што секој граѓанин е во можност навремено да биде информиран за примена на највисоките стандарди на отвореност, интегритет и одговорност од страна на истото.
Со оглед на ризиците кои се наметнуваат од областа на корупцијата, Друштвото воспоставува алатки и механизми со кои ќе ги заштити внатрешните процеси и постапки.
Во рамки на работењето на Друштвото засега не се идентификувани фактори кои го отежнуваат функционирањето на истото, но сепак долгорочно Друштвото изготвува антикорупциски планови кои ги адаптира и наметнува како обврска за вработените како круцијална алатка во целиот процес.

## 2. Проценка на ризици од корупција

Проценката на ризиците од корупција е првиот чекор за спречување на корупцијата во Друштвото. При проценката е користено макро гледиште, односно направена е анализа на факторите на ризици како целина. Врз основа на направените анализи во рамките на организациските единици во Друштвото, постојат повеќе области каде што е можна појава на корупција. Главниот акцент е ставен на вработените и раководството. Преку јакнење на нивниот професионален и личен интегритет од истите се очекува да ги извршуваат работните обврски професионално, согласно законите, прописите и интерните процеси.
Законот за спречување корупција и судир на интереси ги дефинира ризиците од корупција како: било кој вид на внатрешна или надворешна слабост или процес што може да претставува можност за појава на корупција во државните тела, јавните претпријатија и други институции од јавниот сектор, што вклучува и прашања како што се судир на интереси, некомпатибилност на функциите, примање подароци и други недозволени плаќања, лобирање, немање систем за заштита на укажувачите, измама, несоодветно користење на овластувања, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на законот, трговија со информации и нивно неовластено

користење, транспарентност на процедурите и документите и други прашања кои се релевантни за интегритетот.
Во таа смисла, ризици од корупција во работењето на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје можат да се јават во:

- Процесот на јавни набавки;
- Процесот на вработување;
- Немање укажувачи, соработници на правдата, сведоци и лица кои работат на спречување на заштитата од корупција ;
- Судир на интереси;
- Подароци и спонзорства и
- Финансии и други незаконски плаќања.

Најчести форми на корупција кои може да се јават при јавните набавки се:

- Поткуп;
- Злоупотреба на службената позиција;
- Тргување со влијание;
- Откривање на класифицирани информации заради лична корист;
- Договарање на цена помеѓу понудувачи;
- Судир на интереси и
- Самодоговарање (ангажирање на сопствена/роднинска приватна фирма/граѓанско здружение).

<u>Процена на ризикот од корупција во областа јавни набавки</u>

Проценаta на ризикот од корупција во областа на јавните набавки имајќи ја во предвид веројатноста и влијанието можат да предизвика највисока закана од корупција со оцена 3 (од 3).

Најчести форми на корупција кои може да се јават при процесот на вработување се:

- Злоупотреба на службената позиција;
- Непотизам;
- Кронизам;
- Тргување со политичко влијание и
- Поткуп

<u>Процената на ризикот од корупција во областа (процесот) на вработување</u>

Процената на ризикот од корупција во областа (процесот) на вработување имајќи ја во предвид веројатноста и влијанието можат да предизвика највисока закана од корупција со оцена 3 (од 3).

Најчести форми на корупција кои може да се јават при немање укажувачи, соработници на правдата, сведоци и лица кои работат на спречување на заштитата од корупција се:

- Поткуп;
- Злоупотреба на службената позиција;
- Откривање на класифицирани информации заради лична корист и
- Судир на интереси

Процена на ризикот од корупција во немање укажувачи, соработници на правдата, сведоци и лица кои работат на спречување на заштитата од корупција

Процена на ризикот од корупција во немање укажувачи, соработници на правдата, сведоци и лица кои работат на спречување на заштитата од корупција имајќи ја во предвид веројатноста и влијанието можат да предизвика највисока закана од корупција со оцена 3 (од 3).

Судир на интереси

Корупцијата секогаш вклучува и судир на интереси, иако не значи дека сите случаи на судир на интереси се и случаи на корупција.
Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Судир на интереси подразбира судир меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службените лица, во којшто службеното лице има приватен интерес, што влијае или може да влијае врз вршењето на неговите јавни овластувања и должности."
Состојба на судир на интереси може да настане како поради стекнување на лична корист, така и поради избегнување на лични загуби, при што користа односно загубата може да биде материјална или нематеријална.

Имајќи ја во предвид веројатноста и влијанието судирот на интереси може да предизвика највисока закана од корупција со оцена 3 (од 3).

Примање подароци и спонзорства

Примањето на подароци и спонзорства односно поткуп настанува кога службеното лице директно или индиректно ќе побара или прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши.
Во овој случај станува збор за поткуп на службеното лице да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши односно да не изврши службено дејствие што службеното лице било должно да го изврши.
Имајќи ја во предвид веројатноста и влијанието примањето на подароци и спонзорства може да предизвика највисока закана од корупција со оцена 3 (од 3).

Финансии и други незаконски плаќања
Најчести форми на корупција кои може да се јават при финансиите се:

- Поткуп;
- Незаконски плаќања;
- Злоупотреба на службената позиција и
- Судир на интереси

Процена на ризикот од корупција во областа на финансиите

Процената на ризикот од корупција во областа на финансиите имајќи ја во предвид веројатноста и влијанието можат да предизвика највисока закана од корупција со оцена 3 (од 3).

## 3. Нацрт-политика за спречување на корупција во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје

Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје спроведува политика на нула–толеранција кон корупцијата, постапува професионално и чесно, со интегритет и имплементира систем на заштита од мито и корупција.

Дејствува во согласност со законските прописи кои ги вклучуваат Кривичниот Законик, Законот за спречување на судир на интереси, Законот за спречување на корупцијата, Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти донесени врз основа на истите, како и другите позитивноправни прописи, а делува и согласно најдобрите деловни практики и највисоките професионални стандарди.

Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје поттикнува анонимно пријавување на случаите на корупција. Сите информации кои се однесуваат на пријавување на потенцијална корупција, се проследуваат со посебно внимание и истите навремено и целосно се доставени до надлежните државни органи.

Друштвото нема селективен пристап во поглед на пријавите за корупција, како и кон било кои пријави за било кое незаконито однесување, а истото е посветено кон примена на највисоките стандарди на отвореност, интегритет и одговорност.

Својата дејност ја извршува одговорно и отчетно, врз основа на Законите и воспоставува:

- Систем за детектирање и пријавување на корупција;
- Механизмите за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- Слободен пристап до информации од јавен карактер имаат сите правни и физички лица;
- Спроведува тренинзи за вработените со цел нивна обука за запознавање со механизмите за справување со корупција и запознавање со нивните обврски во таквите околности.
- Целта на тренинзите е вработените во Друштвото:

- да се запознаат со соодветните законски прописи, особено прописите за заштита на укажувачи;
- да може да ги идентификуваат знаците на корупција и мито;
- да може да преземат дејствија со цел да избегнат и спречат мито и корупција и
- да се запознаат со етичките правила за постапување на работното место.

4. **Преземени активности за спречување на корупција од страна на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје**

- На ден 31.05.2016 година донесен е правилник за заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (арх.бр.01-450/1 од 31.05.2016 година);
- На ден 31.05.2016 година донесена е Одлука за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (арх.бр.01-450/1 од 31.05.2016 година);
- На ден 22.06.2016 година до Државната комисија за спречување на корупција доставени се податоци за овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (арх.бр.01-450/3 од 22.06.2016 година);
- На ден 01.07.2016 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-450/5 од 01.07.2016 година);
- На ден 30.12.2016 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-450/7 од 30.12.2016 година);
- На ден 30.06.2017 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-503/1 од 30.06.2017 година);
- На ден 29.12.2017 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-503/1 од 29.12.2017 година);
- На ден 29.06.2018 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-731/1 од 29.06.2018 година);
- На ден 28.12.2018 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-1251/1 од 28.12.2018 година);

- На ден 28.06.2019 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-575/1 од 28.06.2019 година);
- На ден 30.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.01-1140/1 од 30.12.2019 година);
- На ден 30.06.2020 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.08-475/1 од 30.06.2020 година);
- На ден 30.12.2020 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.08-981/1 од 30.12.2020 година);
- На ден 30.06.2021 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.08-498/1 од 30.06.2021 година);
- На ден 30.12.2021 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.08-888/1 од 30.12.2021 година);
- На ден 30.06.2022 година до Државната комисија за спречување на корупција доставен е полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (арх.бр.08-538/1 од 30.06.2022 година);
- На ден 29.01.2015 година донесено е решение за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција (арх.бр.4/170-386 од 29.01.2015 година);
- На ден 29.01.2015 година до Министерството за финансии – сектор за јавна внатрешна финансиска контрола доставено е решение за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција (арх.бр.5/268-389 од 29.01.2015 година);
- Лицето задолжено за неправилности во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје почнувајќи од 29.01.2015 година доставува квартални Извештаи за сите неправилности и сомнежи за измами и корупција при користење на јавните средства до Единицата во Управата за финансиска полиција;
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје на ден 20.01.2015 година донесе Стратегија за управување со ризици (арх.бр.4/120-203 од 20.01.2015 година) и Извештај за управување со ризици (арх.бр.03-84/1 од 27.01.2016 година);
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје на ден 19.04.2018 година донесе ажурирана Стратегија за управување со ризици (арх.бр.03-494/1 од 19.04.2018 година) и Извештај за управување со ризици (арх.бр.03-551/1 од 14.07.2017 година) и
- Друштвото континуирано спроведува постапка за јавна набавка на ревизорски услуги.

**5. Акциски план за спречување на корупција од страна на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје**

- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје интерните процедури за спроведувањето на постапките за јавни набавки и реализација на договори јавно ги објавува на својата веб страна;
- Овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување е јавно објавено на веб страната на Друштвото;
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје ќе продолжи континуирано до Државната комисија за спречување на корупција да доставува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи;
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје ќе продолжи континуирано до Единицата во Управата за финансиска полиција да доставува квартални Извештаи за сите неправилности и сомнежи за измами и корупција при користење на јавните средства;
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје ќе продолжи континуирано да спроведува постапка за јавна набавка на ревизорски услуги;
- Во тек е изработка на нова ажурирана Стратегија за управување со ризици врз основа на која ќе биде изработен нов Извештај за управување со ризици на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје;
- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје ќе спроведе тренинзи за своите вработени со цел нивна обука за запознавање со механизмите за справување со корупција и запознавање со нивните обврски во таквите околности.

\- Целта на тренинзите ќе биде вработените во Друштвото:

1. да се запознаат со соодветните законски прописи, особено прописите за заштита на укажувачи;
2. да може да ги идентификуваат знаците на корупција и мито;
3. да може да преземат дејствија со цел да избегнат и спречат мито и корупција и
4. да се запознаат со етичките правила за постапување на работното место.

- Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје континуирано ќе ги применува механизмите за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и
- Годишниот план за спречување на корупција на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје ќе биде јавно објавен на Огласната табла во службените простории на Друштвото, а се со цел за вработените во Друштвото подобро да се запознаат со механизмите за справување со корупција и нивните обврски во таквите околности.

- Друштвото континуирано на годишно ниво ќе изработува план за проценка на ризици од корупција каде ќе бидат опфатени старите ризици (вклучително засилени контролни механизми за истите) и нови ризици доколку такви бидат детектирани и
- Друштвото ќе доставува прашалници за проценка на корупцијата до вработените во истото каде ќе бидат опфатени:

- Проценка на ризик од корупција;
- Идентификување на ризици од корупција;
- Анализа и евалуација на ризик од корупција и идентификување на постојните контролни механизми;
- Идентификување и планирање на решенија и мерки;
- Изработка на регистер на ризици од корупција;
- Спроведување, мониторинг и преглед на проценката на ризик.

Скопје, 12.07.2022 година

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
в.д.управител
Филип Даскаловски

Изработил: Оливер Китаноски
Одобрил: Роберта Теова